Барање за пристап до информации од јавен карактер

From:

To: mak_brod@yahoo.com; kitanoska_vanja@yahoo.com

Date: Friday, September 30, 2022 at 11:32 PM GMT+2

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
Примено: 06 10 2022
Орг. ед. 15 | Број 770/1

Почитувани,

Во склоп со проектот „Заедници за инклузивни млади" кој го спроведува Фондацијата за развој на локалната заедница во соработка со Националниот младински совет, се изработува студија за степенот на имплементација на Законот за младинско учество и политики. На 28.09.2022 година, преку електронската пошта на Вашата општина доставувам неколку БАРАЊА ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР.

Имено, за целта на истражувањето потребни ќе ни бидат следните информации:

1. Дали е формиран локален младински совет во општината. Доколку е: дали имало повик за членови и линк до објавениот повик, како и листа на членови на советот и од која организација доаѓаат.
2. Дали е именуван службеник за млади во општината, скенирано решение за негово именување и негови контакт информации.
3. Дали е усвоена Локалната стратегија за млади и доколку е, електронски запис од истата или нејзина скенирана верзија.
4. Дали е формирана канцеларија за млади во склоп со Општината? Доколку е – одлука за нејзино формирање.
5. Дали е формиран Младински центар во Општината? Доколку е; која организација го раководи, дали се креирани програми за работа и скенирана одлука за негово формирање.

Би сакала да напоменам дека согласно Законот за младинско учество и младински политики, секоја општина е должна во пропишаните рокови да ги преземе соодветните активности (1 година за службеникот за млади; 1 година за локалните младински совети и 5 години за младинските центри).

Согласно член 4 и член 12 од Законот за пристап до информации од јавен карактер, би ве замолила за ИНДИВИДУАЛНИ ОДГОВОРИ НА СЕКОЕ ОД ПОЕДИНЕЧНИТЕ БАРАЊА во законски пропишаниот рок од 20 дена согласно член 21 од истиот закон. Одговорите и побараната документација, може да ги испратите на следниот мејл: , а доколку имате потреба од дополнителни информации, Ви стојам на располагање и на тел. Бр.

Се надевам на брз одговор и непречена комуникација.